

# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**10 - 17 фев 2026 Билтен бр. 622**

# ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ“ ВО ЗАВРШНА ФАЗА НА ТЕМЕЛНА РЕКОНСТРУКЦИЈА

**На 11.02.2026 година градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски и заменик министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски, извршија увид во тековните градежни активности на детската градинка „Мајски цвет“ во Тафталиџе 1.**

**Станува збор за темелна реконструкција со која значително се унапредуваат функционалноста, безбедноста и енергетската ефикасност на објектот. Проектот претставува капитална инвестиција на Владата на Република Северна Македонија, реализирана преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со Општина Карпош.**

**Поради појава на дополнителни и непланирани градежни зафати, рокот за завршување е продолжен од оправдани причини, при што Општина Карпош обезбеди и дополнителни средства за комплетирање на реконструкцијата. Во координација со Министерството, поднесена е и апликација за набавка на потребна опрема, со цел градинката што поскоро да биде ставена во функција.**



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО/ПОСВОЕНО ДЕТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА

**Согласно програмските активности на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година планирани се финансиски средства за еднократна парична помош секое новородено/посвоено дете и вредносен ваучер за секое новородено/посвоено дете на подрачјето на општина Карпош.**

**Сите лица кои ги исполнуваат критериумите, барањата заедно со комплетните документи можат да ги достават во Архивата на Општина Карпош или по пошта на адреса Ул.,, Никола Русински “ бр.11.**

**11.02.2026 – ЈАВЕН ПОВИК за доделување на парична помош за секое новородено/посвоено дете на територијата на Општина Карпош за 2026 година**
**– БАРАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНО / ПОСВОЕНО ДЕТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА**
**11.02.2026 – ЈАВЕН ПОВИК за доделување на вредносен ваучер за секое новородено/посвоено дете на територијата на Општина Карпош за 2026 година**
**– БАРАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСЕН ВАУЧЕР ЗА НОВОРОДЕНО/ ПОСВОЕНО ДЕТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА**

**Повеќе инфо на www.karpos.gov.mk**

# ВЛАЕ ДОБИВА САЛА СПОРЕД ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ

**Скопје, 12.02.2026 – Започнува градбата на нова повеќенаменска спортска училишна сала во рамки на ООУ „Димо Хаџи Димов “ во населбата Влае. Проектот се реализира со финансиски средства обезбедени од Владата на Република Северна Македонија, а денеска објектот го посетија градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, министерката за образование и наука, Весна Јаневска и премиерот Христијан Мицкоски. Овој современ објект ќе овозможи значително подобрување на условите за спорт и рекреација за учениците и локалната заедница.**

**Станува збор за спортска сала со вкупна површина од 1.400 квадратни метри, проектирана согласно европските нормативи (EN) и стандардите на меѓународните спортски федерации како ФИБА, ИХФ и ФИВБ. Објектот ќе биде мултифункционален простор наменет за одржување на часови по физичко образование, тренинзи на спортски клубови, спортски школи и официјални натпревари од локален и регионален карактер. Во салата ќе може да се практикуваат ракомет, мал фудбал, кошарка, одбојка, тенис, бокс, борење, пинг-понг и други спортско-рекреативни активности, а предвидена е и изградба на трибини со капацитет од 300 до 400 гледачи.**

**Градоначалникот Лукровски истакна дека изградбата на салата претставува важен чекор во унапредувањето на образовната и спортската инфраструктура во Карпош.**

**„Создаваме услови учениците да имаат современ и безбеден простор за физичка активност, а спортските клубови да добијат квалитетна инфраструктура за тренинг и натпревари“, – изјави Лукровски.**

**Министерката за образование и наука, Весна Јаневска, изјави дека станува збор за многу значаен објект, како за учениците, така и за локална заедница.**

**„Со изградбата на оваа сала обезбедуваме современ и функционален простор што ќе можат да го користат не само учениците, туку и сите деца од општината и по завршувањето на наставата. Тоа е важно затоа што правилниот раст и развој на младите зависи и од условите што им ги обезбедуваме денес. Ова е инвестиција во нивната иднина, во нивното здравје и добросостојба“, – смета Јаневска. Премиерот Христијан Мицкоски нагласи дека Владата останува посветена на поддршка на вакви проекти низ целата држава.**

**„Инвестирањето во училишната и спортската инфраструктура значи инвестирање во здрави генерации и во подобри услови за раст и развој. Со вакви проекти испраќаме јасна порака дека создавањето квалитетна јавна инфраструктура е еден од нашите приоритети“- изјави Мицкоски.**

**Изградбата на објектот започна во средината на јануари годинава, а градежните активности се очекува да завршат до мај. Изведувач на проектот е компанијата „Конструктор“, а вкупната вредност на инвестицијата изнесува 63.843.523 денари.**

**Со реализацијата на оваа сала, Влае добива современ спортски простор кој ќе биде во функција на учениците, спортските клубови и пошироката локална заедница, а Општина Карпош продолжува со континуирано унапредување на условите во основните училишта на својата територија.**



# СРЕДБА НА ЛУКРОВСКИ СО ФРАНЦУСКА АМБАСАДА

**Градоначалникот Сотир Лукровски оствари средба со Амбасадорот на Франција, советникот за соработка и културна дејност и директорот на Француското интернационално училиште во Скопје. На оваа прва средба се дискутираше за досегашното искуство од спроведените активности кои имаат за цел да го зајакнат изучувањето на францускиот јазик во општина Карпош кој во моментот се изучува во четири основни училишта. Исто така, во фокус на разговорот беа и проектите за развој на Француското интернационално училиште во Скопје (ЕФИС) како главен носител на повеќејазичното образование на младите.**

**Општина Карпош, во рамки на своите ингеренции и можности ќе се залага за што поголема мултијазична и квалитетна образовна понуда за младите од општината.
Линк до Правилник —> https://shorturl.at/3CVkU**



# КАРПОШАНИ ЌЕ ДОБИЈАТ МЛАДИНСКИ И РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

**Советот на Општина Карпош заседаваше по осми пат, каде советниците разгледуваа 23 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока поддршка доби Одлуката со која Општина Карпош отстапува дел од спортската сала „Партизан" која е во нејзино владеење, на времено користење од 3 години без надоместок, за намена Младински центар – Карпош. Оттука, Општината во претстојниот период ќе распише јавен повик за избор на младинска организација, која ќе раководи со младинскиот центар. На тој начин локалната самоуправа ќе овозможи простор со големина од 270 м2 за младите лица на возраст од 15 до 29 години, каде ќе се јакнат нивните индивидуалните вештини за вработување, преку организирање на креативни работилници и други техники за унапредување на формалното и неформалното образование.**

**Со мнозинство гласови, членовите на Советот ја поддржаа и Одлуката за едногодишно отстапување на простор во спортската сала „Партизан", во чии рамки ќе функционира канцеларија на Ресурсниот центар – Карпош. И за оваа намена Општина Карпош ќе објави Јавен повик за невладини организации и граѓански здруженија, кои би биле дел од Ресурсниот центар. Основната дејност на Центарот ќе биде здружено делување преку вмрежување и аплицирање на проекти кои би биле од нивни интерес, како и од интерес на локалната самоуправа и на граѓаните. Поддршка доби и Предлог – Одлуката со која Општината ќе му отстапи на Црвениот Крст на Град Скопје, просторија во салата „Партизан" која ќе може да ја користи до една година, без никаков надоместок. На таа локација, Црвениот Крст на Град Скопје ќе ја реализира услугата ,,Помош и нега во домот ".**

**Советниците го изгласаа Решението со кое ќе се формира Комисијата за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акциони планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со Локалниот Еколошки Акционен План – (ЛЕАП 3). Во комисијата ќе членуваат градоначалникот Сотир Лукровски и петорица претставници од општинската администрација, а со ова тело ќе раководи првиот човек на локалната самоуправа. Во тој контекст, Комисијата е должна да ја следи имплементацијата на ЛЕАП 3 за општина Карпош и да предлага промени во локалниот акционен план и за тоа еднаш годишно да го известува органот на управата, надлежен за работите од областа на животната средина. Советот даде „зелено светло" за Одлуката со која се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за вршење на стручно-административни работи од областа на инспекцијата, во делот на донесување и спроведување на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на територија на локалната самоуправа. Имено, Град Скопје во остварувањето на оваа едногодишна соработка ќе учествува со обезбедување на финансиски средства за отстранување на бесправно изградените објекти, при што работите ќе ги изведува Јавното претпријатие „Улици и патишта" – Скопје.**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИ ЗА СТЕРИЛИЗАЦИЈА И КАСТРАЦИЈА НА МАЧКИ И МАЧОРИ

**ЈАВЕН ПОВИК за ангажирање на Здружение за заштита на животни за стерилизација и кастрација на мачки и мачори**

**Главната цел на активноста е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки, односно нивна контрола и здравствена заштита.**

**Линк до повикот  https://shorturl.at/E5Tl7**

